М-НАВ
Акционерско друштво за давање услуги во воздухопловна навигација

адреса: Ул. "Босфор" бр.7, Мралино
1041, Илинден, Република Македонија
тел. +389 2 3148100
факс +389 2 3148239

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
М-НАВ АД
Бр. 02-1037/1
23.05.2018 год.
СКОПЈЕ

# М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ
# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА ЗА 2017 ГОДИНА

**Мај 2018, Скопје**

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Годишен извештај за работата на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година кој опфаќа Анализа на воздушниот сообраќај во Република Македонија, Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи за 2017 година, Анализа на реализирани приходи и расходи за 2017 година во споредба со 2016 година, Инвестиции и развој, Политика на човечки ресурси, Регионална соработка, FAB's Исполнување на дефинираните цели за 2017 година, Клучни индикатори на изведба (KPI), како и Ревидирани финансиски извештаи на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година

**Наслов**

**М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА ЗА 2017 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Референтен број**: МНВ-610-201-05 | | **Издание број**: | 1.0 |
| | | **Дата**: | 16/05/2018 |

**Извадок**:

"Управниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје својата работа во 2017 година ја насочи кон континуирано исполнување на условите од Уверението за оспособеност за давање на услуги на воздухопловната навигација како и кон континуирано исполнување на оперативните цели на Друштвото за 2017 година:...."

**Клучни зборови**:

Обем на сообраќај во 2017 година, оперативни цели на Друштвото, безбедност и сигурност, планирани и реализирани приходи и расходи за 2017 година, реализирани приходи и расходи за 2017 година во споредба со 2016 година, клучни индикатори на изведба, инвестиции, проекти...

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

**ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ**

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/одобриле овој документ.

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработил | Оливера Мицевска<br>Началник на Одделение за планирање, развој и меѓународно задолжување | 17-05-2018 |
| Менаџер за квалитет | Fahrudin Hamidi<br>Началник на Одделение за QA | 18.05.2018 |
| Одобриле | Николче Тасески<br>Претседател на Управен одбор | 18.05.2018 |
| | Климент Чепуњоски<br>Член на Управен одбор | 18.05.2018 |
| | Migjen Salmani<br>Член на Управен одбор | 18.05.2018 |

*С О Д Р Ж И Н А*


| | | |
|---|---|---|
| *I.* | *ПРЕДГОВОР* ..................................................................................... | *5* |
| *II.* | *РЕЗИМЕ* ........................................................................................ | *7* |
| *1.* | *Анализа на воздушниот сообраќај во Република Македонија* ............. | *8* |
| *2.* | *Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи за 2017 год.* | *10* |
| *3.* | *Анализа на реализирани приходи и расходи за 2017 година во споредба со 2016 година*........................................................................ | *12* |
| *4.* | *Инвестиции и развој*......................................................................... | *14* |
| *5.* | *Политика на човечки ресурси*................................................................ | *25* |
| *6.* | *Регионална соработка, FAB's*.............................................................. | *27* |
| *7.* | *Исполнување на дефинираните цели за 2017 година*.......................... | *28* |
| *8.* | *Клучни индикатори на изведба (KPI)*..................................................... | *31* |
| *9.* | *Ревидирани финансиски извештаи на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година*........................................................................................ | *41* |


*Прилози:*

***1.*** *Годишна сметка на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година*
***2.*** *Извештај од Независниот Ревизор "БДО" ДОО Скопје со Финансиски извештаи на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година*

# I. ПРЕДГОВОР

Врз основа на член 60 од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Македонија” бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16) како и врз основа на Законот за трговски друштва (“Службен весник на Република Македонија” бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 16.10.2008 година донесе Одлука за основање на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ А.Д. Скопје.

Друштвото е запишано во Централниот Регистар на Република Македонија на ден 04.06.2009 година. Согласно Акционерската книга која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност, структурата на акционерскиот капитал со состојба 31.12.2017 година изнесува 1.264.052.000,00 денари или 20.553.961,06 ЕУР поделени на 1.264.052 обични акции со номинална вредност од 1.000,00 денари за една акција. (член 8 од Статутот на М-НАВ А.Д. Скопје, објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 219/16 од 21.12.2016).

Согласно Статутот на М-НАВ А.Д. Скопје управувањето со Друштвото е организирано според двостепен систем. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор. Управниот одбор е составен од три члена и тоа:

1. Николче Тасески именуван со Одлука на Надзорниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје од 05.08.2017 година, кој ја води, организира работата и е одговорен за давање на услуги во воздухопловна навигација и носи назив - Извршен директор за воздухопловна навигација. Именуваниот, воедно е и Претседател на Управниот одбор.

2. Климент Чепуњоски именуван со Одлука на Надзорниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје од 05.08.2017 година, кој ја води, организира работата и е одговорен за техничките средства во воздухопловната навигација и носи назив - Извршен директор за воздухопловна техника.

3. Миѓен Салмани именуван со Одлука на Надзорниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје од 26.09.2011 година и 18.09.2015 година, кој ја води, организира работата и е одговорен за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции и носи назив - Извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции.

***Мисија***

*Да се обезбеди безбеден, редовен и економичен проток на воздушниот сообраќај, воедно истиот постојано да се подобрува со оптимално користење на расположливите човечки и технички ресурси, како и со минимални можни трошоци да се обезбедат сигурни услуги на воздухопловна навигација во дезигнираниот воздушен простор на непристрасен, транспарентен начин, целосно ориентирани кон корисниците на нашите услуги и важноста за животната средина.*

***Визија***

*Воспоставување на М-НАВ А.Д. Скопје како давател на услуги на воздухопловна навигација способен за континуирано обезбедување на високо ниво на безбедни, редовни, експедитивни и ефикасни услуги на корисниците на воздушниот простор и како Давател на услуги на воздухопловна навигација кој функционира во согласност со регулативите на Single European Sky, да се прилагодува со минимални трошоци на новите Европски регулативи што ќе доведе до обезбедување на одржлива позиција и подобрување на перформансите на изведба во рамките на регионален Functional Airspace Block.*

***Вредности***

- Исполнување на највисоките стандарди на професионално работење и квалитет на услугите;
- Посветеност на луѓето, како најважен капитал на организацијата;
- Обезбедување на работна средина со услови за продуктивност и мотивираност на вработените;
- Соработка со сите заинтересирани страни;
- Одговорен менаџмент, разумно управување со сите ресурси на организацијата;
- Постојано унапредување во сите аспекти на работењето.

М-НАВ А.Д. Скопје остварува сопствени приходи од своето работење по основ на:

- наплата за обезбедување на ANS (услуги на воздухопловна навигација) за прелети – што во име на М-НАВ А.Д. Скопје ја врши Eurocontrol CRCO (Central Route Charges Office) и
- наплата за обезбедување на ANS терминални услуги што ја врши М-НАВ А.Д. Скопје.

Согласно член 53 став 4 од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Македонија” бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), а во врска со условите наведени во Уредбата за давање на услуги на воздухопловната навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата, и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење (“Службен весник на Република Македонија” бр. 114/08 и 117/09), М-НАВ А.Д. Скопје на 10 март 2010 година се стекна со Уверение MK-01/2010ANSP, со важност од две години, издадено од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија.

Во изминатиот период, во континуитет, Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија потврдува дека М-НАВ А.Д. Скопје како Давател на услуги на воздухопловна навигација ги исполнува сите барања и важечки услови кои се однесуваат на давањето на услуги на воздухопловната навигација и способноста да ги дава истите, и тоа:

- Во март 2012 година М-НАВ А.Д. Скопје од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија се стекна со Решение за

- продолжување на Уверението за давање на услуги на воздухопловна навигација број МК-01/2012ANSP;
- На 7-ми март 2014 година М-НАВ А.Д. Скопје од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија се стекна со Решение за продолжување на Уверението за давање на услуги на воздухопловна навигација со број МК-01/2014ANSP и
- На 9-ти март 2016 година М-НАВ А.Д. Скопје од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија се стекна со Решение за продолжување на Уверението за давање на услуги на воздухопловна навигација со број МК01-2016/ANSP, со важност до 09.03.2018 година.

Во согласност со потребата М-НАВ А.Д. Скопје континуирано да ги исполнува пропишаните барања и услови за давање на услуги на воздухопловната навигација, а кое исполнување во секое време може да биде предмет на проверка од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија, сите овие Уверенија беа издадени со период на важност од две години.

## *II. РЕЗИМЕ*

► Управниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје својата работа во 2017 година ја насочи кон континуирано исполнување на условите од Уверението за оспособеност за давање на услуги на воздухопловната навигација како и кон континуирано исполнување на оперативните цели на Друштвото за 2017 година:

- Да се одржат високи нивоа на безбедност и сигурност на услугите на воздухопловна навигација;
- Да се оптимализира искористеноста на расположливиот капацитет, како и да се обезбеди развој на средства и методи за идните побарувања;
- Постојано да се мониторира движењето на побарувачката и соодветно да се прилагодува планирањето на капацитетот;
- Да се постигнат нивоата на униформност и компатибилност на системите;
- Врвна организациона поставеност и квалитет на услуги;
- Да се засили и зацврсти регионалната соработка во насока на превземање на значителна улога во регионот;
- Да се остварат целите на LSSIP планот;
- Да се постигнат нивоата потребни за заштита на околината;
- Да се зголеми трошковната ефективност;
- Да се развие/одржува План за човекови ресурси и организира навремена обука на потребните кадри.

► М-НАВ А.Д. Скопје и во текот на 2017 година учествуваше во обезбедувањето на техничка подршка на HungaroControl (кој ги обезбедува услугите на контрола на летање за горниот воздушен простор на Косово) преку обезбедување на радарски сигнал од радарот во Охрид и комуникациски сигнал од системот на локацијата Градиште.

► Подготовката на М-НАВ А.Д. Скопје за справувањето со зголемениот обем на сообраќај во летната сезона се одвиваа во првата половина од 2017 како

и секоја година, пред почетокот на летната сезона се ревидираа постојните воздушни патишта.

- Во текот на 2017 година се продолжи со активностите за понатамошно оптимизирање на структурата на воздушните патишта во Република Македонија и во регионот. Соработката со соседните центри за контрола на летање континуирано се одржува во насока на подобрување на ефикасноста на услугите и намалување на траекториите на воздухопловите. Во текот на 2017 се отпочнаа и подготовките за дополнително оптимизирање на капацитетите на обласната контрола на летање преку имплементација на таканаречен “occupancy count” за летната сезона 2018 година.
- Формалната консултативна постапка со корисниците на услугите на воздухопловна навигација на М-НАВ А.Д. Скопје и во 2017 година се одвиваше во рамките на редовните работни состаноци на Проширениот Комитет на Eurocontrol за надоместоци на прелети.

- “Согласно ЕУ регулативата број 1794/2006 за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите на воздухопловната навигација, во прилогот кон „Одлуката за висината и начинот на наплата и распределување на надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација и висината и начинот на утврдување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација”, донесена од Владата на РМ, (Службен Весник на РМ бр.137/2014), како и записникот од состанокот под број 02-1307/1 од 01.11.2016 година, за усогласување на предлог табелите со трошковници на М-НАВ А.Д. Скопје и АЦВ за 2017 година, сите приходи во 2017 година кои ќе се добијат од CRCO - Eurocontrol како надоместок за финансирање на трошоците за услуги за прелети се пренесуваат посебно на сметка на М-НАВ А.Д. Скопје и посебно на сметка на Агенцијата за цивилно воздухопловство на РМ. Овие средства се распределени од страна на Eurocontrol во соодносс 15,80% за Агенцијата, а 84,20% за М-НАВ А.Д. Скопје (известување од АЦВ до Eurocontrol, под број 05-1792/1 од 13.12.2016 година.)”

- Како што може да се види од финансиските извештаи во прилог, М-НАВ А.Д. Скопје во 2017 година бележи 164.496.000,00 денари добивка пред оданочување, т.е. 144.787.000,00 денари вкупна сеопфатна добивка за извештајниот период.

## 1. Анализа на воздушниот сообраќај во Република Македонија

| година | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број на летови | 128.336 | 117.136 | 118.979 | 150.509 | 159.094 | 154.303 | 179.959 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % на год. пораст | ( 0,0%) | (-8,7%) | (1,6%) | (26,5%) | (5,7%) | (-3,0%) | (16,6%) |

табела 1: Вкупен број на летови во РМ во периодот 2011 - 2017 година

Отворањето на воздушниот простор на Косово во 2014 година и воведувањето на концептот на Free Route Airspace во јуни 2016 година е одличен пример за соработка помеѓу давателите на услуги на воздухопловна навигација во регионот. Сето тоа придонесе за нормализирање на мрежата на воздушни патишта и создавање на најкуси и најфлексибилни авиорути и зголемување на бројот на прелети, како и заштеда на гориво за авиокомпаниите и намалување на емисијата на јаглерод диоксид.

Со имплементацијата на новата организација на воздушниот простор воедно се воспоставија и нови процедури со Контролите на летање од соседните земји. Со оптимално искористување на сите оперативни ресурси и дополнителен ангажман на контролорите на летање коишто минаа повеќе обуки за да се справат со зголемениот обем на работа, безбедно и ефикасно го опслуживме зголемениот обем на сообраќај.

Притоа се запазени сите воспоставени стандарди за обезбедување на услугите без да се предизвика  значително доцнење од страна на нашата контрола на летање. Податоците покажуваат дека во најоптоварениот ден, на 5-ти Август 2017 година, нашата контрола на летање опслужи 909 прелети на воздухоплови.

Во текот на 2017 година вкупно се реализирани 179.959 летови од кои 162.142 се прелети на воздухоплови, што претставува пораст од 17,7% во однос на 2016 година. Според статистиката на Централното биро за наплата на Eurocontrol за 2017 година, Република Македонија бележи пораст од 20,2% на наплатните единици од прелетите на воздухоплови во однос на 2016 година.

Двата македонски аеродроми, скопскиот и охридскиот во 2017 година ги завршија со над два милиони патници, што претставува пораст од 13% споредено со истиот период во 2016 година и 17.817 реализирани операции на двата аеродроми или пораст од 7,5% на годишно ниво. Според статистиката на ТАВ Македонија за патничкиот сообраќај во 2017 година, најфреквентната дестинација од скопскиот аеродром е Истанбул со 12,3% пазарен удел, потоа следувааат Цирих (8,6%), Виена (6,5%), Базел (5,3%), Малме (4,6%) и Лондон (3,7%).

Во одос на уделот на авиокомпаниите во патничкиот сообраќај, Wizz Air има превезено најголем број од патниците со 59% од пазарен удел, а потоа следуваат Turkish Airlines, Austrian Airlines, Germania Flug и Pegasus Airlines.

Покрај значителниот пораст на бројот на патници, 2017 година беше исто така успешна и поради тоа што Sky Trax го рангираше скопскиот аеродром меѓу десетте најдобри аеродроми во Источна Европа, што е трет пат по ред, по 2015 и 2016 година.

Во моментов, мрежата на линии на аеродромот во Скопје има 36 дестинации, а 11 редовни компании ги опслужуваат овие линии. На аеродромот во Охрид има 3 редовни дестинации во текот на целата година и 4 дополнителни сезонски чартер дестинации во текот на летото. Четири нови сезонски авиолинии од Охрид до Виена, Варшава, Талин и Ајндховен се најавени да бидат воведени во текот на 2018 година.

## 2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи за 2017 година

**Табела 2.1 – Анализа на планирани и реализирани приходи за 2017 година**

| М-НАВ ПРИХОДИ | ПЛАНИРАНИ 2017 | РЕАЛИЗИРАНИ 2017 | % на реализација |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ПРЕЛЕТИ | 739.200.000,00 | 812.050.829,44 | 109,86 |
| | | | |
| ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ | 110.880.000,00 | 121.659.788,69 | 109,72 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2.525.600,00 | 14.823.920,10 | 586,95 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 852,605,600.00 | 948.534.538,23 | 111,25 |

Во 2017 година вкупните приходи од остварени услуги се зголемени за 11,25% на годишно ниво во однос на планираните за 2017 година. Поединечно, приходите од релизирани услуги за прелети бележат пораст од 9,86% на годишно ниво во однос на планираните за 2017 година. Ова се должи пред се на зголемениот број на прелети од Западна Европа кон одмаралиштата во Египет и Турција и имплементацијата на концептот на Free Route Airspace кој што им овозможи на корисниците на услугите да летаат по оптимална тректорија во воздушниот простор над Република Македонија наместо како досега по одредени рути.

Исто така, како што може да се види од табелата погоре остварен е пораст на приходите од терминални услуги од 9,72% на годишно ниво во однос на планираните за 2017 година. Ова се должи на зголемениот број на летови на двата аердороми во РМ како резултат на воведувањето на нови дестинации по успешното имплементирање на проектот на Владата на РМ за финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај.

Порастот на реализацијата на останатите приходи во 2017 година во однос на планираните за оваа година се должи на остварените приходи согласно Договорот за давање на радарски и комуникациски услуги на HungaroControl за водење на сообраќајот во горниот воздушен простор над Косово.

Состојбата со сообраќајот во 2017 година опширно е образложена во Точка 1 – Анализа на воздушниот сообраќај во Република Македонија како составен дел на годишниот Извештај за работата на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година.

**Табела 2. 2 – Анализа на планирани и реализирани расходи за 2017 година**

| ***М-НАВ РАСХОДИ*** | ***ПЛАНИРАНИ 2017*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 2017*** | ***% на реализација*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Вкупно трошоци за вработените** | **556.932.000,00** | **612.872.972,00** | **110,04** |
| Бруто плати | 550.932.000,00 | 547.878.271,00 | 99,45 |
| Други трошоци за вработените | 6.000.000,00 | 64.994.701,00 | 1.083,25 |
| | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **95.488.000,00** | **43.008.158,67** | **45,04** |
| Трошоци за суровини и материјали | 3.000.000,00 | 713.892,16 | 23,80 |
| Трошоци за резервни делови | 20.000.000,00 | 3.196.402,64 | 15,98 |
| Потрошена енергија | 15.000.000,00 | 14.184.957,99 | 94,57 |
| Транспортни услуги | 4.000.000,00 | 1.526.286,21 | 38,16 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 18.000.000,00 | 15.405.175,99 | 85,58 |
| Трошоци за одржување | 33.688.000,00 | 7.123.170,54 | 21,14 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 1.800.000,00 | 858.273,14 | 47,68 |
| | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **115.180.000,00** | **61.368.668,35** | **53,28** |
| Закуп на канцелариски простор | 5.500.000,00 | 3.716.068,00 | 67,56 |
| Останати услуги | 3.000.000,00 | 441.122,00 | 14,70 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 38.000.000,00 | 21.706.678,91 | 57,12 |
| Трошоци за репрезентација | 4.000.000,00 | 3.495.791,09 | 87,39 |
| Премии за осигурување | 15.000.000,00 | 8.896.175,00 | 59,31 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 300.000,00 | 180.200,00 | 60,07 |
| Останати нематеријални трошоци | 49.380.000,00 | 22.932.633,35 | 46,44 |
| | | | |
| **Амортизација** | **55.000.000,00** | **46.906.989,00** | **85,29** |
| | | | |
| **Останати трошоци од работењето** | **10.000.000,00** | **13.432.322,22** | **134,32** |
| | | | |
| **Вкупно финансиски трошоци** | **20.000.000,00** | **6.450.283,28** | **32,25** |
| Банкарски трошоци | 6.000.000,00 | 2.006.842,48 | 33,45 |
| Камати по банкарски кредити | 14.000.000,00 | 4.443.440,80 | 31,74 |
| ***ВКУПНО ТРОШОЦИ*** | **852.600.000,00** | **784.039.393,52** | **91,96** |

**Забелешки:**

Како што може да се види од табелата погоре вкупните реализирани трошоци за 2017 година се намалени за 8,04% во споредба со вкупно планираните трошоци за 2017 година.

Реализацијата по одделни ставки е како што следи:

- Отстапувањето на реализираните трошоци од ставката “други трошоци за вработените” во однос на планираните трошоци за 2017 година се должи на имплементирањето на Колективниот договор на М-НАВ А.Д. Скопје;
- Зголемените “останати трошоци од работењето“ во однос на планираните се однесуваат на ставката вредносно усогласување на побарувањата во износ од 12.688.820,00 денари, а тие не се резултат на оперативно работење на Друштвото. Истите се резултат на отпишани побарувања од страна на Eurocontrol, а се однесуваат на отпишани побарувања и камати на U.S. Air Force и Canadian Armed Forces (CAF);
- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на М-НАВ А.Д. Скопје во согласност со меѓународните сметководствени стандарди (МСС).

Како што може да се види од горенаведената табела, останатите реализирани трошоци на М-НАВ А.Д. Скопје во 2017 година се во рамките на планираните, додека кај некои се забележува значителна заштеда како на пример кај трошоците за суровини и материјали, резервни делови, транспортни услуги, трошоци за одржување, дополнително утврдени трошоци од минати години, закуп на канцелариски простор, останати услуги, дневници за службен пат и патни трошоци, останати нематеријални трошоци и слично.

## 3. Анализа на реализирани приходи и расходи за 2017 година во споредба со реализацијата во 2016 година

**Табела 3.1 – Споредбена Анализа на реализирани приходи 2017/2016 година**

| ***М-НАВ ПРИХОДИ*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 2017*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 2016*** | ***% на реализација 2017/2016*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПРЕЛЕТИ** | **812.050.829,00** | **680.110.587,00** | **119,39** |
| | | | |
| **ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ** | **121.659.789,00** | **108.263.716,00** | **112,37** |
| | | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **14.823.920,00** | **15.376.341,00** | **96,41** |
| ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | **948.534.538,00** | **803.750.644,00** | **118,01** |

Како што може да се види од Табелата 3.1 погоре, во 2017 година бележиме зголемување од 18,01% на вкупните реализирани приходи во однос на

2016 година. Ова се должи пред се на зголемениот број на прелети од Западна Европа кон одмаралиштата во Египет и Турција и имплементацијата на концептот на Free Route Airspace кој што им овозможи на корисниците на услугите да летаат по оптимална тректорија во воздушниот простор над Република Македонија наместо како досега по одредени рути.

Состојбата со сообраќајот во 2017 година опширно е образложена во Точка 1 – Анализа на воздушниот сообраќај во Република Македонија како составен дел на годишниот Извештај за работата на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година како и во Точката 2 - Анализата на планираните и реализираните приходи во 2017 година.

**Табела 3.2 – Споредбена Анализа на реализирани расходи 2017/2016 година**

| ***М-НАВ РАСХОДИ*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 2017*** | ***РЕАЛИЗИРАНИ 2016*** | ***% 2017/2016*** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци за вработените** | **612.872.972,00** | **595.186.592,00** | **102,97** |
| Бруто плати | 547.878.271,00 | 542.400.450,00 | 101,01 |
| Други трошоци за вработените | 64.994.701,00 | 52.786.142,00 | 123,13 |
| | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **43.008.158,67** | **49.455.064,89** | **86,96** |
| Трошоци за суровини и материјали | 713.892,16 | 3.245.689,03 | 22,00 |
| Трошоци за резервни делови | 3.196.402,64 | 3.874.393,08 | 82,50 |
| Трошоци за енергија | 14.184.957,99 | 12.274.432,89 | 115,57 |
| Транспортни услуги | 1.526.286,21 | 3.264.267,99 | 46,76 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 15.405.175,99 | 14.610.656,57 | 105,44 |
| Трошоци за одржување | 7.123.170,54 | 12.137.346,33 | 58,69 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 858.273,14 | 48.284,00 | 1.777,55 |
| | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **61.368.668,35** | **85.217.499,90** | **72,01** |
| Закуп на канцелариски простор | 3.716.068,00 | 4.606.983,00 | 80,66 |
| Останати услуги | 441.122,00 | 317.258,00 | 139,04 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 21.706.678,91 | 27.227.709,25 | 79,72 |
| Трошоци за репрезентација | 3.495.791,09 | 4.232.483,59 | 82,59 |
| Премии за осигурување | 8.896.175,00 | 13.690.209,00 | 64,98 |
| Членарини во меѓународни Организации | 180.200,00 | 206.126,99 | 87,42 |
| Останати нематеријални трошоци | 22.932.633,35 | 34.936.730,07 | 65,64 |
| | | | |
| **Амортизација** | **46.906.989,00** | **42.974.901,00** | **109,15** |
| | | | |
| **Останати трошоци од работењето** | **13.432.322,22** | **1.258.792,04** | **1.067,08** |
| | | | |
| **Вкупно финансиски трошоци** | **6.450.283,28** | **7.512.761,65** | **85,86** |
| Банкарски трошоци | 2.006.842,48 | 3.433.766,64 | 58,44 |
| Камати по банкарски кредити | 4.443.440,80 | 4.078.995,01 | 108,93 |
| ***ВКУПНО ТРОШОЦИ*** | **784.039.393,52** | **781.605.611,48** | **100,31** |

**Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни трошоци во 2017 година се скоро на исто ниво како и во 2016 година, со тоа што:**

- Трошоците од ставката "Други трошоци за вработените" отстапуваат во однос на 2016 година како резултат на имплементирањето на Колективниот договор на М-НАВ А.Д. Скопје;
- Реализираните трошоци за потрошена енергија, поштенски, телефонски услуги и интернет, дополнително утврдени трошоци од минати години, како и останати услуги отстапуваат во однос на 2016 година како резултат на зголемениот обем на работата на друштвото во 2017 година, **но истите се во согласност со планираните трошоци за 2017 година и Финансискиот План на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година одобрен од страна на Владата на Република Македонија;**
- Трошоците од ставката "останати услуги" отстапуваат во однос на 2016 година како резултат на зголемените трошоци за огласи во дневни весници и регистрација на службени возила;
- Трошоците од ставката "амортизација" отстапуваат за 9,15% во однос на 2016 година, но истите се во согласност со планираните трошоци за 2017 година и се однесуваат на набавка на нова опрема од увоз, која подлежи на амортизација;
- Трошоците од ставката "останати трошоци од работењето" отстапуваат во однос на 2016 година и се однесуваат на ставката вредносно усогласување на побарувањата во износ од 12.688.820,00 денари, а тие не се резултат на оперативно работење на Друштвото. Истите се резултат на отпишани побарувања од страна на Eurocontrol, а се однесуваат на отпишани побарувања и камати на U.S. Air Force и Canadian Armed Forces (CAF).

## 4. Инвестиции и развој

Имајќи ја предвид комплексноста и важноста на воздухопловната навигација како и потребата за интеграција во системот на Единствено европско небо (Single European Sky) и се разбира, хармонизирање со европската легислатива и стандардите на релевантните европски и меѓународни воздухопловни организации, а земајќи ги предвид специфичните барања на ICAO, European Commission и Eurocontrol за безбедност, квалитет и трошковна ефективност, Управниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје отпочна нов инвестиционен циклус кој покрај проектите за развој кои вклучуваат набавка на опрема за навигација, комуникација, компјутерска, метео опрема и друго, како поважна би ја истакнале набавката на нов ATM (Air Traffic Management) систем со цел да се обезбедат поефикасни услуги на воздухопловна навигација, да се зголемат нивоата на безбедност и сигурност како и да се подобрат главните индикатори за изведба, истат донесена пред се врз основа на документот "Operational Concept Document" изработен од Eurocontrol и М-НАВ А.Д. Скопје кој воедно ги опишува оперативните аспекти на давањето на услугата на воздухопловна навигација во

рамките на FIR Skopje на концептуално ниво како и функционалностите кои постоечкиот АТМ систем треба да ги има.

Заради обезбедување на ликвидноста, во 2011 година Управниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје донесе одлука развојните проекти утврдени за наредниот период во износ од 11.150.000,00 ЕУР да ги финансира со долгорочно задолжување кај меѓународна финансиска институција. По спроведената постапка за набавка, на 24 септември 2013 година М-НАВ А.Д. Скопје потпиша Договор за заем со ЕБОР за финансирање на "Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза" без обезбедување на државна гаранција во износ од 11.150.000,00 ЕУР, воедно и Амандман бр. 1 на Договорот за заем потпишан на 10.01.2014 година и Амандман бр. 2 на истиот потпишан на 13.12.2016 година, согласно кои **"Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза"** ги содржи следните проектни компоненти:

1. Набавка, инсталирање и тестирање на нов АТМ Систем вклучувајќи и техничко оперативна сала за истиот 6.200.000,00 ЕУР

1 Набавка, инсталирање и тестирање на Систем за комутација на говорни канали 650.000,00 ЕУР

3. Набавка, инсталирање и тестирање на VHF радио системи и микробранов линк 700.000,00 ЕУР

3. Набавка, инсталирање и тестирање на дигитален снимач на говорни канали 150.000,00 ЕУР

4. Набавка, инсталирање и тестирање на нов Mode-S секундарен набљудувачки радар 2.150.000,00 ЕУР

5. Надградба на MSSR Радарот во Охрид во Mode – S Радар 700.000,00 ЕУР

7. Набавка, инсталирање и тестирање на нови AWOS/VOLMET/ATIS системи за Аеродромот во Скопје и нова AWOS опрема за Аеродромот во Охрид 400.000,00 ЕУР

8. Консултантски услуги – помош на Единицата за спроведување на проектот – PIU (Project Implementation Unit) 200.000,00 ЕУР

Согласно Договорот за заем, ЕБОР обезбеди фондови за техничка соработка на база на грант и тоа:

1. Износ од 300.000,00 ЕУР за поддршка на имплементацијата на **"Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза"** и по спроведената постапка согласно правилата и политиките на ЕБОР во ноември 2013 година М-НАВ А.Д. Скопје потпиша Договор со консултантската компанија Egis Avia од Франција со рок за имплементација од 3

години, кој согласно потпишаниот Амандманот бр. 3 и Амандманот бр. 5 овој договор е продолжен до 30.06.2017 година без финансиски импликации.

2. Износ од 150.000,00 ЕУР грант средства за Проектот за поддршка за воспоставување на процеси и извештаи за усогласеност со ЕУ СЕС барањата при што по спроведената постапка на 20 мај 2014 година се потпиша Договор за наведените консултантски услуги со компанијата “One System“ од Австрија, истиот беше успешно спроведен и заврши на 19.11.2015 година.

3. Износ од 150.000,00 ЕУР грант средства за Проект за институционално јакнење на Агенцијата за цивилно воздухопловство (АЦВ), проект во надлежност на АЦВ.

Во врска со имплементацијата на горенаведените проекти, во текот на 2017 година се извршија следните активности:

## 1. Набавка, инсталирање и имплементација нов АТМ Систем, вклучувајќи и техничко оперативна сала за истиот

АТМ Системот е примарен систем преку кој се остварува основната услуга на М-НАВ А.Д. Скопје и тоа давање на услуги на воздухопловна навигација во воздушниот простор над Република Македонија со цел безбедно, редовно и ефикасно одвивање на воздушниот сообраќај.

Земајќи ги предвид специфичните барања на ICAO, Европскиот Парламент, Европската Комисија и Eurocontrol за безбедноста, квалитетот и трошковната ефективност, набавката на нов АТМ (Air Traffic Management) систем има за цел да се обезбедат поефикасни услуги на воздухопловна навигација, да се зголемат нивоата на безбедност и сигурност како и да се подобрат главните индикатори за изведба (безбедност, капацитет, трошковна ефективност, ефикасност, флексибилност, предвидливост, животна средина).

Имплементацијата на новиот АТМ систем вклучува и изградба на нов простор, и тоа за потребите на нова техничка и оперативна сала во која ќе биде сместена опремата од новиот и стариот (резервниот) АТМ систем.

Согласно Договорот за заем со ЕБОР истиот е утврден да се реализира преку метод на набавка во две фази (Two Stage Procurement Method).

На 31.07.2017 година од ЕБОР е добиено одобрување, NO OBJECTION на Извештајот за евалуација – втора фаза со препорака за склучување на Договор со фирмата Leonardo S.p.A., со цена на договор од 7.863.372,50 ЕУР која целосно ги задоволува барањата утврдени во техничките спецификации и тендерската документација.

Од страна на ЕБОР е побарано единствено дополнителна кларификација/потврда со понудувачот за одредени критериуми од Тендерската документација (“Due to the change in structure of the tenderer during the procurement process and the text in para 2.3.1 of the tender evaluation report, the Bank’s no-objection is provided on the strict understanding that the successful tenderer, namely, Leonardo S.p.A, continues to fully meet the post-qualification criteria (as is indicated in Table 9 of the Report”). Пратено е официјален допис од страна на Претседателот на УО до Leonardo S.p.A за и истите ни ги пратија сите дополнителни документи и финансиски извештаи за 2015 и 2016 година каде се потврди, по спроведена финансиска евалуација од наша страна, дека горенаведената фирма ги исполнува условите за склучување на договор.

Ставот на М-НАВ А.Д. Скопје беше веднаш да се продолжи со активностите за целосна реализација на овој проект, се со цел да не се доведе во прашање безбедното и ефикасно давање на услуги на воздухопловна навигација.

На 23 ноември 2017 година од страна на ЕБОР е добиен No objection на корегирана предложена цена на Договор во износ од 7.878.872,50 евра во врска со Извештајот за евалуација – втора фаза во кој што е направена техничка грешка при изготвувањето на Извештајот.

Од друга страна, констатирано беше дека земјиштето на кое е предвидено да се изгради новата техничко оперативна сала (доградба на постоечкиот објект), со вкупна површина од 1.150 м2, од кои основата е 580 м2, е сопственост на Република Македонија, а согласно Договорот за концесија, истото е доделено на користење и управување на ТАВ – Македонија.

За разрешување и надминување на целата имотно правна ситуација од аспект на регулирање на имотно правните документи-дозвола за градба, како за новата техничко оперативна сала така и за постоечкиот објект на контролата на летање, во ноември и декември 2017 година веќе се остварија официјални состаноци, со учество на експерти од Министерството за Транспорт како и од ТАВ и М-НАВ А.Д. Скопје, на кои е искажана спремност и согласност од ТАВ и Министерството за транспорт за итно разрешување и надминување на имотно правната ситуација во врска со ова. Оттука, договорено е правните одделенија на ТАВ и М-НАВ А.Д. Скопје заедно со службите од Министерство за транспорт да продолжат со неопходните активности за ефикасно надминување на имотно-правниот предмет.

## 2. Набавка, инсталирање и имплементација на нов Mode-S секундарен набљудувачки радар (Mode-S Enhanced Surveillance Ground Station Implementation)

Mode-S секундарен набљудувачки радар (Mode-S Enhanced Surveillance Ground Station Implementation) значително ќе ја зголеми доверливоста на радарските податоци која директно би влијаела на капацитетот и безбедноста на воздушниот сообраќај во Република Македонија. Согласно правилата и постапките за набавка на ЕБОР и согласно Договорот за заем со ЕБОР истиот е утврден да се реализира преку метод на набавка – Отворен повик.

На 10.06.2016 година се одржа јавно отварање на понудите при што се пристигнати две понуди од Raytheon Systems LTD и од INDRA Systemas, од кога и отпочна процесот на евалуација на пристигнатите понуди.

Во процесот на евалуација се реализирани повеќе кларификации со понудувачите. По извршените усогласувања со консултантот Egis Avia, комисијата за евалуација изготви и достави Извештај за евалуација со препорака за склучување на договор бр.02-868/1 и бр.02-868/2 од 18.07.2017 година со предлог да се прифати понудата на INDRA Systemas во износ од 2.438.762,69 евра во која сума препорачува да се прифати понудата и за препорачани резервни делови од Price Schedule No.6 во износ од 287.996 евра и RF Accessories во износ од 870,69 евра.

Евалуациониот извештај со препораката за склучување на договор е испратен до ЕБОР на одобрување и добивање NO OBJECTION на 14.08.2017 година.

Управниот одбор, при повторно разгледување на Извештајот за евалуација пратен до ЕБОР на 14.09.2017 година (и истиот препратен на 25.09.2017 година на барање од ЕБОР), констатираше од технички аспект дека потребно е да се изземат препорачаните резервни делови од вкупната цена предложена за доделување на Договор (2.438.762,69 EUR) истата наведена во Табела 11 од Извештајот за евалуација. Ова воедно ќе резултира со намалување на цената на договор.

Исто така, Управниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје врз основа на барањето на закуподавачот на земјиштето во Перен, Куманово за инсталирање на новиот Mode-S секундарен набљудувачки радар, г-ѓа Валентина Тасеска, а согласно мислењето од Адвокатското друштво Пепељугоски, донесе Одлука да се раскине Договорот за закуп на земјиштето и да се побара друго соодветно земјиште во државна сопственост коешто би ги задоволило инфраструктурните и технички барања за имплементација на овој проект.

## 3. Набавка, инсталирање и имплементација на систем за комутација на говорни канали Voice Communication System (VCS)

Во системот за контрола на летање, еден од основните системи преку кои се остварува комуникација на контролорот на летање со воздухопловите, но и со соседните центри за контрола на летање е системот за комутација на говорни канали. Новиот систем би станал главен систем преку кој ќе се одвива комуникацијата во контролата на летање, а постоечкиот би имал улога на резервен систем.

Од страна на Управниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје на 07.12.2016 година се одобри Тендерската документацијата за набавка, инсталирање и тестирање на VCS системот по што истата се испрати на финално одобрување до ЕБОР.

По добивањето на финално одобрување т.е. “NO OBJECTION” на Тендерската документација од страна на ЕБОР на 28.12.2016 година, на 05.01.2017 година се објави Покана за доставување на понуди со краен рок за доставување на понуди 06.03.2017 година, а со објавувањето на Амандманот бр.1 и Амандман бр.2 на Тендерската документација, на барање на понудувачите крајниот рок за пристигнување на понудите е продолжен до 24.04.2017 година.

Отварањето на понудите е спроведено на 24.04.2017 година при што се доставени три понуди од FREQUENTIS, DF NUCLEO и S.I.T.T.I S.p.a. До крајот на 2017 година сеуште беше во тек евалуацијата на понудите и кларификација со понудувачите по што се очекува во 2018 година да се изготви Извештај за евалуација и достави до ЕБОР на одобрување пред да се склучи Договор.

## 4. Набавка, инсталирање и имплементација на дигитален систем за снимање на говорни канали (VRRS)

Во системот за контрола на летање согласно ICAO Annex 10 законска обврска е да се снимаат оперативните комуникации и записите да се чуваат минимум 30 дена. Со новиот систем би се заменил постоечкиот, а истиот ќе биде во потполно редундантна конфигурација, кој би ги задоволил сегашните и идните потреби за снимање на оперативните говорни канали во системот за контролата на летање во Скопје.

Системот се набавува какао замена на постоечкиот VRRS систем, кој е во експлоатација околу 15 години.

Со набавката на новиот VRRS систем, ќе бидеме во можност да се снимаат аналогни и IP канали, односно системот ќе ги снима сите постоечки канали кои се снимаат во моментот и ќе биде во можност да снима канали базирани на iP технологија кои ќе бидат оперативни при набавката на новите системи од кредитната линија на ЕБОР и тоа: VCS, VHF, IP Telefonija, …

VRRS system-от **е во согласност со** ICAO Annex 10 volumes I and II и Annex 13 “Aircraft Accident and Incident Investigation”.

Системот се состои од вкупно 204 канали за снимање на говорни пораки и може да се надогради со дополнителни 50 канали. Согласно правилата и постапките за набавка на ЕБОР и согласно Договорот за заем со ЕБОР истиот се реализираше преку метод на набавка – Отворен повик

Со одлука бр. 02-132/5 од 22.01.2014 година е назначен проектен тим во состав: Славчо Горчески – проект менаџер, Драгољуб Патчев – член, Александар Палчевски – член, Катарина Марковска – член, Милан Јакимов – член, Оливера Мицевска – член, Весна Доброхотова – член, Ваисл Депинов, Влатко Поповски.

ФАТ-от за овој проект се изведе на 10-ти и 11-ти мај 2017 година за што е изготвен и записник (09-781/31 01.06.2017 година). Во делот кој се однесува на испорака на Јотрон подсистемот помина успешно и кој претставува најголема целина на проектот, но недостасуваше системот за далечинска контрола кој беше продукт на самата компанија ТЦН. Во таа насока се изведе дополнителен ФАТ на 03-ти и 04-ти август 2017 година кој помина успешно. Со тоа и целиот ФАТ се смета како успешен по што беше издаден FAT Certificate (09-781/33 од 09.08.2017 година).

Во исто време и целокупната опрема е доставена на крајна локација и инсталирана.

Во период од 11.09-22.09.2017 година на локација М-НАВ А.Д. Скопје се одржа тренинг Maintenance and System Operation course. Во период од 02.10-03.10.2017 година на локација М-НАВ А.Д. Скопје се одржа тренинг Operation course.

SAT-от на овој проект се изведе на 4-ти и 5-ти Октомври 2017 година и успешно помина со што на 16.10.2017 се издаде First SAT Certificate.

Потоа следеше пробна работа на системот и истата е успешно изведена.

Се очекува на фирмата контрактор да се издаде Provisional Completion Certificate неделата од 12-ти до 15-ти февруари 2018 и до крајот на месец февруари 2018 да се издаде Operational Acceptance Certificate.

## 5. Набавка, инсталирање и имплементација на VHF радио систем и микробранов линк

Ова е систем преку кој контролата на летање остварува радио комуникација со воздухопловите. Согласно ICAO Annex-ите, давателот на услуга за воздухопловна навигација е должен да обезбеди систем за радиотелефонија со воздухопловите, преку систем за радиоврски кој работи во фрекфентниот опсег наменет исклучиво за таа намена. Со овој проект треба да се замени постоечката радио опрема и преносен систем со нов ВХФ радио систем.

Пристигнати се четири понуди од Telelink MK, Northop Grumman/Park Air Systems, DF NUCLEO и Rohde & Scwarz. Во изминатиот период следеше процесот на евалуација во континуирана соработка и координација со консултантите Egis

Avia и ЕБОР. Извештајот за евалуација е финализиран и истиот на 10.03.2017 година се прати до ЕБОР за финално одобрување.

На 17.03.2017 година од ЕБОР е добиен NO OBJECTION на Извештајот за евалуација на пристигнати понуди со предлог за склучување на Договор со фирмата Northop Grumman/Park Air Systems во вкупен износ од 778.054,56 ЕУР во кој износ се вклучени и 53.140,58 ЕУР за резервни делови.

По доставување на информацијата до останатите понудувачи за резултатот од евалуациониот извештај на 30.03.2017 година со наш акт бр. 02-206/19 т.е. до фирмите учесници на тендерот, добиена е информација од Telelink MK и Rohde Schwarz дека сакаат состанок со М-НАВ А.Д. Скопје во врска со евалуациониот извештај и изборот на фирмата Park Air, поради што одржани состаноци со Rohde &Schwarz – на 11 Април 2017 година и со Telelink MK на 13 Април 2017 година со цел запознавање со причините за одбивањето на нивните понуди (де-брифинг).

На 07.11.2017 година ЕБОР официјално ни ги доставува жалбите од Telelink MK и Rohde Schwarz. На 27.11.2017 година, од страна на М-НАВ А.Д. Скопје беа доставени до ЕБОР одговори на двете пристигнати жалби, но до крајот на 2017 година сеуште не беше пристигнато од ЕБОР нивното конечно произнесување по однос на пристигнатите жалби.

Во врска со горенаведените жалби, ставот на Управниот одбор е М-НАВ да не го потпишува Договорот со фирмата Park Air пред да добие конечно мислење од ЕБОР.

## 6. Набавка, инсталирање и имплементација метео опрема за аеродромите во Скопје и Охрид

Набавка, инсталирање и тестирање на метео опрема за аеродромите во Скопје и Охрид вклучува замена на постоечките AWOS/ATIS/VOLMET системи која се состои во замена на двете Artais AWOS 2000 станици на аеродромите во Скопје и Охрид, како и замена на ATIS и VOLMET системите кои се лоцирани на аеродромот во Скопје со што ќе се постигне континуирано и непречено обезбедување на метеоролошко обезбедување на воздушниот сообраќај и навремено доставување на воздухопловни МЕТ информации до корисниците.

По спроведената постапка за набавка согласно правилата и постапките за набавка на ЕБОР, Договор е склучен со понудувачот TELVENT NETHERLAND BV од Холандија на ден 11.12.2015 година во износ од 750.920,00 ЕУР. Проектот, во тек е неговата имплементација, реализирана е фазата на Factory Acceptance Test и опремата е испорачана.

Дел од предвидените обуки се реализирани и во тек на август и септември 2017 година е спроведен Site Acceptance Test-от (тестирање на опремата на оперативна локација) само за опремата која е инсталирана во Скопје којшто не е успешно комплетно завршен поради утврдени неправилности.

После спроведената SAT сесија на системите инсталирани на скопскиот аеродром, производителот TELVENT Netherlands BV ги отстрануваше преостанатите забелешки, како еден од условите за продолжување на проектните активности и следно спроведување на SAT сесија за новите МЕТ системи на аеродромот во Охрид. После извршена реконфигурација на системите на скопскиот аеродром во делот на серверот и двата свича заради зголемување на вкупната стабилност, интервенции во делот на бекап потсистемот за пренос на податоци од сензорите преку радио врска, како и други софтверски измени заради отстранување на други забележани недостатоци во корисничкиот дел, кодирањето

и прикажувањето на податоците како на метеоролошките извештаи, така и во делот на работата на ATIS и VOLMET системите, во периодот од 12.02-15.02.2018 година беше одржана парцијална SAT сесија на инсталираната опрема на скопскиот аеродром, според претходно взаемно усогласен распоред на активности.

Во 2018 година по комплетното исполнување на обврските од страна на производителот и потребното време да се одстранат детектираните неправилности, ќе се продолжи со спроведување на Site Acceptance Test-от во Охрид.

## 7. Надградба на постоечкиот MSSR Радар инсталиран во Охрид во ENHANCED MODE-S Радар

Имено, согласно стратегијата на Eurocontrol за имплементација на Mode-S радари, SESAR стратегијата и LSSIP, потребно е набавка, инсталација и пуштање во работа на MODE-S ENHANCED радар односно модернизација на постоечкиот монопулсен радар. Модернизацијата и инсталирањето на ENHANCED Mode-S Радар би придонел М-НАВ А.Д. Скопје да се здобие со надграден радарски систем во кој е применета најновата радарска технологија а со тоа би се зголемила доверливоста која системите ја обезбедуваат, а која директно би влијаела на капацитетот и безбедноста на воздушниот сообраќај кој се одвива на небото на Република Македонија. Согласно правилата и постапките за набавка на ЕБОР и согласно Договорот за заем со ЕБОР истиот е утврден да се реализира преку метод на набавка – Директна спогодба. (Direct Contracting)

Откако тендерската документација, т.е. Квотацијата за надградба на постоечкиот MSSR Радар инсталиран во Охрид беше финално усогласена со консултантите Egis Avia од Франција, истата беше пратена до ЕБОР на финално одобрување, а на 30-ти септември 2014 година е добиено официјално одобрување, т.е. “No objection” од ЕБОР.

На 03.10.2017 година квотацијата за надградба на постоечкиот MSSR Радар инсталиран во Охрид беше доставена до потенцијалниот понудувач Indra, од Шпанија со краен рок за доставување на понуда 31.10.2014 година.

Јавното отварање на доставената понуда - Квотација за надградба на постоечкиот MSSR Радар инсталиран во Охрид доставена од потенцијаниот добавувач Индра од Шпанија согласно утврдениот метод за набавка – директна спогодба, се одржа на 31.10.2014 година во просториите на М-НАВ А.Д. Скопје по што следеше фазата на евалуација на истата.

Следеше период на изготвување на Договорот, а Управниот одбор го разгледа и со Одлука бр.02-128/6 од 06.11.2015 година го одобри Предлог Договорот со Индра за надградба на радарот во Охрид во Enhanced Mode-S, и во согласност со одлуката истиот беше испратен до EBRD на 17.12.2015 година, а кој беше одобрен од нивна страна на 18.12.2015 година. Предлог Договорот беше доставен до INDRA на 22.12.2015 година на нивно разгледување и потпишување, по кое компанијата INDRA се обрати до М-НАВ А.Д. Скопје барајќи измени во предлог договорот со цел попрецизно да се дефинираат обврските и дефинирање на редоследот на важноста на документите. Откако заврши усогласувањето на Договорот со компанијата Индра и истото финално го одобри ЕБОР, М-НАВ А.Д. Скопје склучи Договор за реализација со понудувачот Индра на 31.03.2016 година во износ од 728.405,00 ЕУР.

Во тек е имплементација на договорот, спроведени се предвидените обуки и Factory Acceptance Test-ирањето. Во текот на септември 2017 година беше планирано да се инсталира опремата и да се отпочне со Site Acceptance Test-от и да заврши до средината на ноември.

Инсталацијата и Site Acceptance Test-ирањето подразбираат исклучување на постоечкиот радар во Охрид, кое што согласно претходната динамика требаше да биде спроведено во јуни, јули и септември 2017 година т.е. во екот на летната сезона кога бројот на летови е најголем. Дополнително по исклучувањето, по успешната инсталација и по Site Acceptance Test-ирањето ќе треба да следи и добивање на сертификат за оперативност од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Од причини што сите потребни активности подразбираат подолг период на нефункционирање на радарот, М-НАВ А.Д. Скопје врз основа на мислењето на технички оперативните експерти донесе одлука активностите да бидат одложени за после летната сезона, пред се поради фактот дека со исклучувањето радарот во Охрид во текот на летната сезона би се зголемил ризикот по однос на нивото на безбедни и ефикасни услуги за воздухопловна навигација. Почетокот на инсталацијата и Site Acceptance Test-от се пролонгира за месец октомври но не и точната динамика што доведе до дополнителни каснења.

Испораката и дел од инсталацијата се извршуваше во периодот од 27.11.2017-13.12.2017 година.

По започнатите активности на инстралирање, на 19.12.2017 година се одржа состанок со производителот ИНДРА во врска со натамошната имплементацијата на проектот, при што беше договорена следната динамика на активности:

Installation and Commissioning од ноември се до времето утврдено во новата Time Schedule.

Дополнителни инсталациони активности да започнат од 06.03.2018 година.

Tuning од 07.03.2018 - 23.03.2018 година

OJT од 19.03.2018 - 23.03.2018 година

SAT Dry-Run Tests од 03.04.2018 - 09.04.2018 година

SAT од 09.04.2018 - 25.04.2018 година

SAT Test Readiness Review на 09.04.2018 година

SAT од 10.04.2018 - 16.04.2018 година

SAT Closure Meeting на 16.04.2018 година

Endurance Test од 17.04.2018 - 25.04.2018 година

Издавање на Operational Certificate на 25.04.2018 година

RDD Integration од19.03.2018 - 21.03.2018 година

## 8. Проектот за консултантски услуги за асистенција на Единицата за спроведување на Проектот - PIU (Project Implementation Unit) во М-НАВ А.Д. Скопје

Согласно Амандман бр.2 на Договорот за заем со ЕБОР од 13.12.2016 година, Annex 1, Schedule 2, Part 1, предвидена е проектна компонента “Consultancy services – Assistance to PIU”.

Согласно продолжувањето на договорот со ЕБОР до 24.09.2018 година се појави потреба за ангажман на консултант во продолжениот период на реализација на договорот и соодветна ефикасна имплементација на проектите.

УО со Одлука бр.02-25/1 од 10.01.2017 година формира работна група за ”Проектот за консултантски услуги за асистенција на Единицата за спроведување на Проектот - PIU (Project Implementation Unit)“.

Документацијата за “Invitation for Expresion of Interest (EoI)” и “Terms of Reference (ToR)” е изработена во координација со ЕБОР и на 17.02.2017 година од ЕБОР е добиена електронска пошта со NO OBJECTION под услов одредени делови од документацијата да се корегираат согласно укажувањата на ЕБОР. Поканата со корегираната документација согласно барањето од ЕБОР е публикувана на 03.03.2017 година со рок за достава на понудите до 24.03.2017 година.

На 24.03.2017 година се пристигнати три понуди од EGIS AVIA – Saint Quentin en Yvelines Cedex, France; IC consulenten / a member of IC group in association with APAC Ges.m.b.H, Vienna Austria и INTEGRA, Vedbaek, Denmark. По извршената евалуација работната група достави информација на 11.07.2017 година до УО со предлог да се избере понудата на EGIS AVIA.

На 14.07.2017 година од ЕБОР е добиено одобрување со NO OBJECTION и укажување да се испрати барање до Egis Avia да достават финансиска понуда при што ќе се овозможи разумен временски рок за подготовка на понудата.

Барањето бр.02-283/4 од 20.07.2017 година е доставено до Egis Avia, а од страна на Egis Avia понудата е доставена согласно бараниот рок на 04.08.2017 година.

На 09.10.2017 година евалуационата комисија ја отвори понудата и истата е во фаза на кларификација со ЕБОР.

Следеше кларификационен процес со ЕБОР за натамошните активности, а од нивна страна со оглед на тековниот статус на проектите беше побарано да се изготви ажуриран Terms of Reference, истиот да се достави до консултантот Egis Avia со барање да достават и ажурирана финансиска понуда врз основа на истиот.

Ажурирана финансиска понуда врз основа на ажурираниот Terms of Reference беше дпставена до М-НАВ А.Д. Скопје на 22.12.2017 година, додека записник од отварањето на финансиската понуда беше пратен до ЕБОР на 25.12.2017 година. Следи евалуација на истата и потпишување на договор во 2018 година.

**Од вкупно планираните инвестиции од сопствени средства за 2017 година во износ од 64.250.000,00 денари согласно Програмата за инвестициони вложувања на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година, започнати се за реализација следните инвестиции:**

1. **Надградба на административен кампус (А.К.)**

Оваа надградба опфаќа:

- Надградба на мрежниот сегмент од 100 MB на 1GB
- Набавка и инсталација на централен систем за складирање на кориснички податоци (DSS)
- Набавка и инсталација на софтвер за информациона сигурност на А.К.
- Набавка на софтвер и лиценци за виртуализација на А.К.

Реализација: септември - декември
Планирана вредност: 3.100.000,00 денари

*Постапката за реализација на овој проект пе е ресализирана во 2017 година од причина што имаше потреба од измена и дополнување на набавката со нови дополнителни ставки-решенија и истата е планирана за во 2018 година.*

2. **Проширување/екстензија на АТС системот во Охрид за обезбедување на резервен back-up/contingency систем за обласната КЛ, приодната КЛ како и и контролната кула (TWR) во Скопје**

Проширување /екстензија на АТС системот во Охрид за обезбедување на резервен back up/contingency систем за обласната КЛ, приодната КЛ и контролната кула (TWR) во Скопје е потребна за обезбедување на резервен систем за контрола на летање за оперативните единици за контрола на летање во Скопје кој би се користел во случај на испад на основниот систем а за потребите на обезбедување на континуитет во обезбедувањето на услугите за воздухопловна навигација.

Планирана вредност: 40.000.000,00 денари

*Овој проект пе е реализиран во 2017 година и истиот не е ставен во Планот за јавни набавки во 2018 година од причина што со набавката на новиот АТМ систем, постоечкиот оперативен систем ќе се стави во функција на резервен систем за контрола на летање и оттука се увиде дека нема потреба од оваа набавка.*

3. **Софтвер за електронска евиденција и планирање на работата на единиците за контрола на летање**

Софтвер за електронска евиденција и оперативно планирање на работата на единиците на контролата на летање е неопходен за квалитетно и ефикасно планирање и функционирање на човечките ресурси во контролата на летање.

Планирана реализација: септември
Планирана вредност: 6.150.000,00 денари

*Постапката за реализација на овој проект е започната во 2017 година, добиена е потребната согласност од Надзорен одбор и истата се планира да заврши во 2018 година.*

4. **Набавка и инсталирање на 2 ADS-B приемника**

Поради фактот дека со предвиденото инсталирање на новиот АТС систем кој е во фаза на набавка  и можноста  за имплементирање на нови техники во истиот што веќе е специфицирано во техничката спецификација за новиот систем, а кој се однесува на процесуирањето на истите како што се Mode-S радарски податоци и ADS-B податоци, потребно е да се набават 2 приемника за  ADS-B кои би требало да се инсталираат и пуштат во употреба пред пуштањето на новиот АТС систем, односно да се овозможи идниот испорачател да ги има податоците на влез на двата тракера за да направи соодветно тјунирање како во идниот ARTAS – тракер, така и во FALL-BACK тракерот

Планирана реализација: септември

Планирана вредност: 15.000.000,00 денари

*Постапката за реализација на овој проект е започната во 2017 година, обезбедена е потребната согласност од Надзорен одбор и истата се планира да заврши во 2018 година.*

## 5. Политика на човечки ресурси

Одделението за човечки ресурси на М-НАВ А.Д. Скопје во 2017 година, за реализирање на политиката и програмата на човечките ресурси, продолжи со реализацијата на веќе утврдената и усвоена политика во вршењето на дејности и активности поврзани со развојот на работната сила, промоција на управувањето со човечките ресурси, како и унапредување на професијата менаџмент на човечки ресурси, се со цел да се обезбеди услугите кои ги дава да ги исполнуваат искажаните реални барања на корисниците на услугите, меѓународните стандарди и важечките закони и прописи, во доменот на основната функција.

Во тој контекст одделението за човечки ресурси во соработка со центрите за обука на М-НАВ А.Д. Скопје, како и другите одделенија, се донесе политика на планирани активности и реализација на стратегијата за човечки ресурси во М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година. Како визија на Одделението за човечки ресурси е развојот HR професијата и имплементирање на највисоки професионални стандарди.

Со планот за развој на човечките ресурси се опфатени потребите за учење и развој на вработените во М-НАВ А.Д. Скопје и истиот е основа за изработка на годишната програма за обука и професионална надградба на вработените во друштвото.

Со оглед на фактот што во изминатите години по разни основи се намали бројот на контролори на летање и друг воздухопловен и не воздухопловен персонал, а имајќи го во предвид зголемениот обем на сообраќај и работа, одделението за човечки ресурси во соработка со центрите за обука, одговорните вработени од секторите и извршните директори, планира пополнување на бројот на вработени со обучен и стручен персонал кои што успешно ќе ги извршува работните задачи.

Активноста за пополнување на бројот на вработени се планира да се реализира во 2018 година. Во Секторот за воздухопловна навигација се планира во 2018 година да се спроведе селекција и регрутација на (12) дванаесет нови контролори на летање кои што потоа би се обучиле и по успешната обука би се вработиле во М-НАВ А.Д. Скопје.

Во Секторот за воздухопловна техника се планира во 2018 година да има вработувања на (10) десет лица кои што ќе бидат стручни и успешно ќе можат да ги извршуваат работните задачи во секторот. Во Секторот за ФРПРРИ се планира (6) нови вработувања за успешно извршување на работните задачи во секторот.

Покрај информациите што се неопходни за изработка на годишната програма за обука, планот за развој на човечките ресурси содржи и препораки за видот на активности на обучување/учење за секоја област на потреби, како што се:

- формални курсеви за обуки/училници-интерни или екстерни;
- обука на работното место;
- далечинско учење/самоучење;

- подучување/советување/менторство/учење еден на еден;
- обука според службено задолжение/искуство и сл.

Преку наведените активности во 2017 година М-НАВ А.Д. Скопје континуирано ги реализираше следните политики:

- Политика на квалитет во доменот на основната функција, како постојано подобрување на квалитетот на услугата, со реализирање и примена на Систем за менаџмент со квалитет, согласно стандардот ISO 9001:2008;
- Унапредување на процесите и ресурсите кои придонесуваат за задоволство на корисниците на услугите;
- Континуиран развој на професионалните и стручни способности на сите вработени;
- Дообразовање и стручно оспособување, неопходни за непречено и ефикасно остварување на процесот на работа во М-НАВ А.Д. Скопје;
- Применување на соодветен систем на распоредување, ротација и унапредување на вработените врз основа знаењето што го поседуваат, покажаните способности и применетата умешност во извршувањето на работните обврски;
- Воспоставување на објективен систем за проценка на степенот на исполнување на работните задачи на вработените;
- Применување на систем на наградување заснован на критериумите на професионалност, ефикасност и ефективност во процесот на работењето;
- Обезбедување на еднаков третман на вработените, безбедност на работното место и содветни работни услови.

Преку наведените конкретни политики во 2017 година континуирано се спроведуваат функциите на човечките ресурси во смисла на:

- Развој на процедури за постапување на кадрите што ги покриваат сите прашања и проблеми поврзани со работата на вработените;
- Менаџирање на човечките ресурси за процесите за регрутација и развој;
- Остварување на лидерска улога на раководството на сите нивоа;
- Менаџирање на сите административни обврски за вработените;
- Обезбедување на тренинг за вработените;
- Учество во изработка на планот и буџет за обука, тренинг и патување на вработените;
- Учество во изработка на извештај за цена на чинење на трудот и статистики за вработените;
- Изработка на документи со детална организациона структура;
- Водење грижа за медицинските потреби на вработените (организација на редовни медицински тестови и прегледи, обезбедување психолошка подршка во стресни ситуации итн.);
- Зголемување на задоволството на корисниците на воздухопловната навигација.

Основни реализирани цели во 2017 година, преку развојот на човечките ресурси беа:

- поефикасно работно ангажирање на вработените;
- мотивирање на истите и нивно обучување и развивање со цел да се оспособат за постигнување на високи резултати и да дадат придонес во реализирање на целите на компанијата и
- обезбедување на стручна помош и програми за усовршување и надградување на менаџерите во насока на успешно управување со потенцијалот на сите вработени што овозможува реализирање на целите на компанијата.

Се продолжи со реализација на веќе усвоените цели на квалитет и во 2017 година како што се:

- Усогласување со ИКАО стандардите и регулативите на Eurocontrol;
- Зголемување на ефикасноста и расположивите ресурси;
- Зајакнато и континуирано подобрување на стручноста на целиот персонал.

Воедно, потенцираме дека развојните планови за Човечките ресурси, по обем, содржина, цели, трошоци, како предвидена динамика се соодветно дефинирани и презентирани во планираните активности на одделните сектори (Сектор за воздухопловна навигација и Сектор за воздухопловна техника), а се со цел за подобро следење на нивната имплементација и во рамките на самите сектори.

## 6. Регионална соработка, FAB’s

Според SES регулативите горниот воздушен простор во европскиот и афричкиот ICAO – International Civil Aviation Organization регион (EUR and AFI ICAO region) мора да биде реконфигуриран во FABови – Functional Airspace Blocks (функционални блокови на воздушен простор) како еден од начините за постигнување на SES целите. Преку FABовите ќе се подобри планирањето и организирањето на воздушниот простор, ќе се зголеми ефикасноста за авијацијата во Европа, ќе се минимизираат доцнењата и ќе се оптимизира капацитетот на воздушниот простор преку задоволување на барањата на сите корисници на истиот.

Освен земјите членки на ЕУ, SES регулативите ги обврзуваат и земјите кои потпишале билатерални или мултилатерални договори за авио превоз со Европската Унија. Во овие земји спаѓаат Норвешка, Швајцарија, земјите на Западен Балкан, во кои спаѓа и Република Македонија, и Исланд кој не е обврзан да формира FAB бидејќи не е во рамки на европскиот ICAO регион.

Денес, постојат девет FAB иницијативи во кои се вклучени сите обврзани земји. Во поблискиот регион постоечки иницијативи се Blue Med FAB и Danube FAB.

Во процесот на позиционирање на Република Македонија при одредувањето на стратегијата за приклучување на одредена FAB иницијатива пред се треба да се има предвид географската позиција и токовите на воздушниот сообраќај со цел оптимизација на капацитетите, потребата да се оптимизира

интероперабилноста на системите и креирање на заедничка легислатива и стандарди помеѓу членовите на одреден FAB.

На 20.11.2009 од тогашниот извршен директор на секторот за воздухопловна навигација во М-НАВ преку електронска пошта е доставено барање до проект менаџерот на Blue Med FABот за одобрување на статус набљудувач на Република Македонија во овој проект. За ова барање не постои информација дека истото е процесирано и одобрено од страна на Владата на Република Македонија и/или релевантните државни институции. Информацијата за ова барање е доставена до Министерот за транспорт и врски (М-НАВ допис бр. 07-1538/1 од 28.12.2010).

Во изминатиот период претставници на АЦВ и М-НАВ партиципирале како гости/набљудувачи на активностите на Danube FAB.

На 03.11.2011 година во Скопје е одржан состанок помеѓу замениците Министри за транспорт на Република Македонија и Република Бугарија на кој состанок присуствуваа и делегации од воздухопловните власти на двете држави. На состанокот од страна на Бугарскиот заменик Министер беше изразена покана за Република Македонија да се вклучи во процесот на Danube FAB. На 08.12.2011 во Софија е одржан состанок помеѓу делегации на Bulatsa и Бугарската Агенција за цивилно воздухопловство и М-НАВ и Македонската Агенција за цивилно воздухопловство на кој состанок се презентирани од Бугарската страна процесите поврзани со статусот и состојбите на Danube FAB.

На 28.10.2015 на шестиот состанок на Управувачкиот Совет на DANUBE FAB кој се одржа во Софија, Македонија се здоби со статус набљудувач во истиот. На ова претходеа повеќегодишни состаноци и консултации со и помеѓу членовите на DANUBE FAB-от. Ова е по претходно доставена и разгледана информација од страна на Владата на РМ. Во Ноември 2015 М-НАВ беше поканет како посетител во рамките на симулацијата за Free Route Airspace во рамките на DANUBE FAB-от. Оваа симулација се изведе во експерименталниот центар на EUROCONTROL во Бретањи. Експертскиот тим на М-НАВ кој присуствуваше на презентацијата, собраните информации и искуства ги пренесе и примени при подготовка на имплементациај на FRA проектот во Република Македонија, кој почна да се применува пред почетокот на летната сезона 2016.

Активното учество на претставници на М-НАВ на состаноците за регионална соработка помеѓу FAB-овите продолжи и во 2017, (состанокот одржан во Софија во октомври 2017 година), како и почетокот на 2018 г. (состанокот одржан во Софија на 31.01. и 01.02.2018г.) на кои што се разгледуваше пред се ефикасноста во функционирањето на ФАБ-овите, прогнозите за порастот на сообраќајот и прашањето на економија на обемот, фрагментацијата на воздушниот простор и додадената вредност на FAB-овите при изработката на cost-benefit анализите.

Воедно се разгледуваа и дискутираа најавените измени на ЕУ регулативите во насока на изработката на плановите за ефикасност на даватели на услуги за третиот референтен период, почнувајќи од 2020 година, со посебен осврт на клучните области на ефикасноста, како безбедноста, капацитетот на воздушниот простор, трошковната ефикасност и заштитата на човековата околина.

## 7. Исполнување на дефинираните цели за 2017 година

## - Достигнување на Стандардите за безбедност, обезбедување и квалитет

Одделението за безбедност, обезбедување и квалитет - БОК одговара директно на Управниот Одбор на М-НАВ А.Д. Скопје. Во 2017 година успешно ги изврши активностите во согласност со годишниот план утврден од страна на Комитетот за Безбедност на М-НАВ А.Д. Скопје како и обврските дефинирани во Упатството за управување со безбедноста, обезбедување и квалитет и дефинираните цели од Стратешкиот бизнис план на М-НАВ А.Д. Скопје.

**Безбедност** - Што се однесува до безбедноста, постигнатите резултати се во согласност со поставените цели (таргети).

Во однос на планираните активности и поставените таргети од безбедносен аспект после мониторинг активностите на одделението за Безбедност, Обезбедување и Квалитет дел од кои извештаи се и составен дел на конечниот извештај за М-НАВ А.Д. Скопје, може да се заклучи дека Системот за Управување со Безбедност ги има исполнето поставените цели за 2017 година.

Со цел да се спроведат сите барања од ИКАО Анекс 19 како и новите меѓународни регулативи (SES Compliance) за безбедност, квалитет и обезбедување се пристапи кон ревизија на постоечките упатства и креирање нови програми. Во 2017 беа доставени на одобрување нови и дополнети верзии на Упатства и програми за работа до регулаторот АЦВ и истите се одобрени (освен МНВ-750-454 Справување со Кризи).

**Обезбедување** - После формирање на работна група од страна на УО, се спроведе целосна проценка на физичкото, информатичко и воздушно обезбедување во согласност со Упатството за обезбедување (Sec Manual) и другите валидни програми. Работната група изготви нацрт документ-акционен план за подобрување на обезбедувањето и даде смерници за изготвување на техничка спецификација за набавка на помагала и уреди (централизиран мониторинг систем, камери за надзорирање на уредите надвор од airside зоната, детектори, скенери итн.) и истата е во фаза на одобрување од страна на УО. Очекуваме дека во текот на 2018 оваа набавка да биде реализирана.

**Quality** - Спроведени се редовни проверки согласно барањата од стандардот ISO 9001/2008 и претходно дефинираниот план за проверки за 2017 година. Превземени се активности за отклонување на утврдените забелешки и неусогласености од таквите проверки во текот на 2017 година.
Во текот на 2017 година се превземени конкретни чекори и активности во однос на транзитирање кон новиот стандард ISO 9001/2015. Ажуриран е целокупниот прирачник за управување со квалитет и соодветните системски процедури. Системот доби нова насока која се однесува на управување со ризиците се со цел постигнување на зацртаните годишни и стратешки цели на организацијата.

## - Достигнување на нивоата за заштита на животната средина

Во вкупното количество на емисија на штетни гасови во Европа, авијацијата учествува со 3.5%. Од таквиот процент само мал дел, односно 6% се на сметка на услугите за воздухопловна навигација.

На 37-то собрание во октомври 2010, ICAO го усвои меѓународниот договор според кој авијацијата се обврзува до 2020 година да ја намали емисијата на $CO_2$

за 2% на годишно ниво. Иако најголемо влијание на ова намалување има воведувањето на посовремени воздухоплови, воздухопловната навигација исто така има свој удел, главно поради неефикасноста на траекториите по кои летаат воздухопловите, и соодветно на тоа поголемото согорување на горивото.

М-НАВ А.Д. Скопје и во 2017 година придонесуваше кон намалувањето на емисијата на штетни гасови со зголемување на капацитетите на обласната контрола на летање, воведување на подиректни, пократки рути, имплементација на Free Route Airspace во воздушниот простор на Република Македонија од мај 2016 година и поефикасни процедури за полетување и слетување, при што сите овие процеси беа во блиска координација со Eurocontrol и соседните контроли на летање.

- **Засилување на човечките ресурси**

Во 2017 година во М-НАВ А.Д. Скопје се реализираа 9 нови вработувања, а бројот на вработени се намали за 4 вработени кои што заминаа во пензија. Бројот на вработени со кој 2017 година се заврши изнесуваше 277 вработени. Работењето продолжи со истата динамика и стручност при што континуирано се водеше сметка на оптимално искористување на човечките ресурси.
Исто така реализирани се сите обуки во рамките на предвидената програма за обука и усовршување на воздухопловниот и друг стручен персонал на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година.

- Зголемување на трошковната ефикасност

Со отварањето на воздушниот простор над Косово и зголемувањето на сообраќајот во Република Македонија покрај оптималната искористеност на оперативните ресурси се постигна и значително подобрување на трошковната ефикасност на М-НАВ А.Д. Скопје. Овој позитивен тренд продолжи и во 2017 година.
Подетална информација следи во делот - Клучни индикатори на реализација.

- Економска транспарентност

Економската транспарентност на работењето на М-НАВ А.Д. Скопје се обезбедува преку доставување на финансиските извештаи до Владата на РМ, Eurocontrol, ЕБОР, Агенцијата за цивилно воздухопловство на РМ.

- Усогласеност со регулативите и стандардите на SES (Единствено европско небо)

Во 2017 година М-НАВ А.Д. Скопје продолжи да ги одржува стандардите за давање на услуги на воздухопловната навигација во согласност со домашните и меѓународните SES регулативи, стандарди и препорачани практики.

Тоа е потврдено и резултира со продолжување на Уверението за оспособеност за давање на услуги во воздухопловната навигација - последното издадено од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство во март 2016 година и со важност до март 2018 година.

Почнувајќи од 2010 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство во континуитет му го издава на М-НАВ АД Скопје ова Уверение за оспособеност за давање на услуги во воздухопловната навигација.

М-НАВ А.Д. Скопје континуирано ги следи најновите измени и дополнувања на меѓународните регулативи и стандарди и соодветно се подготвува за нивно целосно имплементирање, а ова Агенцијата за цивилно воздухопловство преку редовните инспекциски надзори и контроли дополнително го проверува и потврдува,

На 01.12.2017 година стапи во сила Мултилатералната Спогодба за Основање на Европска Заедничка Воздухопловна област (ЕЗВО).

Подобрување на ATM/CNS системите

Подобрувањето на ATM/CNS системите е предвидено во рамките на “Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02“ како што е наведено погоре во делот - Инвестиции и развој.

- Оптимизирање на управување со воздушниот простор

По отварањето на горниот водушен простор на Косово за прелети во 2014 година и реализацијата на еден од најголемите проекти поврзан со организацијата на воздушниот простор во регионот, во текот на 2017 година се продолжи со оптимизирање на структурата на воздушните патишта и зголемување на капацитетите. Овие процеси се реализираат во соработка со сите соседни земји како и пошитроко во регионот. Со подобрувањето на структурата на воздушниот простор се овозможува зголемување на заштитата на животната средина преку намалена емисија на CO2 во атмосферата како и намалена потрошувачка на горивото и заштеда на авиокомпаниите.

- Достигнување на целите од LSSIP (Local Single Sky ImPlementation) Документот Ace, jasmina

Исполнувањето на целите поставени во Документот LSSIP е една од приоритетните активности на М-НАВ и во 2017 година значителни ресурси беа вложувани во таа насока. Дел од целите се веќе исполнети, а се работеше на реализација и планирање на останатите. Реализацијата на најголемот дел од веќе планираните цели е тесно поврзана со имплементацијата на новиот АТМ систем, која е во план да заврши до крајот на 2019 година. Имплементацијата на дел од целите кои се зацртани во планот е во тесна врска со имплементација на вакви и слични проекти во соседството. Согласно ова динамиката на нивната реализација не е директно зависна само од М-НАВ туку и од степенот на имплементација на проектите кај соседните единици на КЛ. Дел од паневропските навигациски планови претрпеа измени во датумите за имплементација, па согласно тоа беше ажуриран и нашиот LSSIP документ. (имплементацијата на нови (p-RNAV) процедури е одложена за 2023 година.)

## 8. Клучни индикатори на изведба (КПИ)

Трошковна ефикасност – (Cost efficiency)

Од финансиски аспект на работењето на М-НАВ АД, утврден е показател за трошковната ефикасност (*cost-efficiency indicator)* и тоа како трошок по наплатна единица за реализиран прелет на воздухоплов (*en-route costs per service unit*). **Планираното намалување е во согласност со веќе утврдените цели за трошковна ефикасност на Европската Комисија за вториот референтен период од 2015 - 2019 година (Одлука на ЕК 2014/132/ЕУ). Овие цели предвидуваат намалување на трошокот по наплатна единица за 3,3% просечно годишно (EUR 2009) во периодот од 2015 – 2019 година.**

Податоците во табелата 8.1 подолу даваат приказ за движењето на трошковната ефикасност на М-НАВ А.Д. Скопје во периодот од 2009 - 2017 година. Од истите се забележува дека со отварањето на воздушниот простор над Косово и зголемувањето на сообраќајот во Република Македонија, покрај оптималната искористеност на оперативните ресурси, значително се подобри и трошковната ефикасност на М-НАВ А.Д. Скопје во 2014 и 2015 година. Овој сооднос помеѓу вкупните трошоци за услуги при прелети и остварените наплатни единици од истите на реално ниво (EUR2009), во 2017 година е намален за 15% споредено со 2016 година пред се како последица на зголемениот обем на сообраќај и порастот на бројот на реализирани наплатни единици од 20,2% во 2017 година во однос на истиот во 2016 година.

8.1. трошок по наплатна единица (EUR 2009) за реализиран прелет во периодот 2009-2017 година

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| Инфлација % | -0.5% | 1.5% | 3.9% | 3.3% | 2.8% | -0.5% | -0.3% | 0.5% | 1.4% |
| Индекс 100 во 2009 | 100.0 | 101.5 | 105.5 | 108.9 | 112.0 | 111.4 | 111.1 | 111.7 | 113.2 |
| Вк. трошоци во мил. МКД -реално ниво | 609 | 585 | 570 | 512 | 511 | 641 | 638 | 633 | 647 |
| Вкупно : ( % н/н-1) | | -4.0% | -2.6% | -10.1% | -0.3% | 25.5% | -0.4% | -0.8% | 2.2% |
| | | | | | | | | | |
| Наплатни единици | 0.180 | 0.183 | 0.194 | 0.174 | 0.178 | 0.246 | 0.264 | 0.250 | 0.301 |
| **Вкупни трошоци / напл.единици МКД** | 3,385.5 | 3,197.9 | 2,940.6 | 2,943.8 | 2,869.5 | 2,604.7 | 2,417.4 | 2,533.6 | 2,154.3 |
| **(% н/н-1)** | | -5.5 | -8.0 | 0.1 | -2.5 | -9.2 | -7.2 | 4.8 | -15.0 |

## 8.2. Единечна цена на М-НАВ А.Д. Скопје за прелет на воздухоплови во Р.Македонија

| година | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Единечна цена (евра) | **54,11** | **54,04** | **51,82** | **51,32** | **51,15** | **47,13** | **44,29** | **43,89** |
| % пораст | (0,0%) | (-0,1%) | (-4.1%) | (-0,1%) | (-0,2%) | (-7,9%) | (-6,0%) | (-0,9) |

Од горната табела се забележува континуиран тренд на намалување на единечната цена за прелети на М-НАВ А.Д. Скопје во периодот од 2010 до 2017 година.

За информација просечната цена за прелет на воздухоплов во зоната под надлежност на Eurocontrol во 2017 година изнесуваше 53,20 евра.

Треба да се истакне дека со отворањето на воздушниот простор над Косово во 2014 година се создадоа предуслови за зголемување на сообраќајот и приходите кои се остваруваат од зголемениот обем на услуги. Воедно тоа имплицираше зголемена финансиска стабилност на М-НАВ А.Д. Скопје и создавање предуслови за намалување на цената на прелетите во периодот што следеше. Така во 2015 година цената беше намалена за 7,9%, а понатаму 6,0% во 2016 и дополнително намалување од 0,9% во 2017 година. М-НАВ А.Д. Скопје ќе настојува овој тренд да продолжи и во наредниот период, меѓутоа висината на цената за прелети ќе зависи пред се од движењето на сообраќајот во иднина како и од влијанието на капиталните инвестиции од „Проектот за модернизација на Системот за контрола на летање” врз вкупните расходи на М-НАВ А.Д. Скопје и следствено врз цената за прелети. Овие капитални инвестиции се пред се наменети за техничко осовременување на Системот за воздухопловна навигација, зголемување на капацитетот и одржување на потребното ниво на безбедност во воздушниот сооообраќај.

### 8.2.1 Единечна цена на М-НАВ А.Д. Скопје за терминални услуги на воздухопловна навигација

М-НАВ А.Д. Скопје како давател на услуги на воздухопловна навигација остварува приходи и од давање на услуги на контролата на летање при полетување и слетување на воздухоплови на двата аеродроми во Република Македонија, во Скопје и во Охрид. Приходот од терминални услуги во 2017 година изнесуваше приближно 122 милиони денари, што претставува зголемување од 9,63% во однос на истиот во 2016 година.

Согласно договорот за заем со ЕБОР за финансирање на „Проектот за надградба за системот на воздухопловна навигација" во РМ и заради ефикасно сервисирање на обврските по истиот, единечната цена за терминални услуги од 1-ви април 2014 година изнесува 3,60 евра по тон на максимална тежина на воздухоплов во полетување. М-НАВ А.Д. Скопје ја задржа оваа цена непроменета во целиот изминат период и на тој начин придонесе заедно со останатите субјекти во воздухопловството за зголемување на конкурентската способност на двата аеродроми во Р.Македонија.

## 8.3. Безбедност, обезбедување и квалитет

М-НАВ А.Д. Скопје ги има опфатено сите три КПИ утврдени од страна на нашите национални правилници и SES регулативи/ЕС преку годишниот надзор за зрелост на безбедноста раководен од страна на Евроконтрол и CANSO како и соодветни надзори од АЦВ. Одделението за SQSec (БОК) успешно ги надмина сите три индикатори како показатели за успешност.

1. Безбедносна зрелост на системот за безбедност (Safety Maturity 8.3.1)
2. RAT алатка- анализа на сериозни и значајни безбедносни настани (8.3.2)
3. Култура на правичност (Just culture 8.3.3)

### 8.3.1. Safety Maturity

Најважен индикатор кој ни дава реална слика за спроведување на SMS е делот на анализирање на спроведување и мерење на системот за безбедност - зрелоста на М-НАВ А.Д. Скопје и отклонување на можните слабости. Преку спроведениот прашалник за зрелоста од страна на Eurocontrol, кој беше ревидиран во 2016 година со поригорозни прашања, се гледа дека М-НАВ А.Д. Скопје согласно Eurocontrol CANSO SMS Standard of Excellence Measurement е оценет со одлично ниво на зрелост во скоро сите области. Со ова ниво, СМС-от ги задоволува бараните регулаторни стандарди и е во согласност со барањата од ИКАО Анекс 19. Процесите и/или барањата се формално документирани и соодветно спроведени. Вкупниот резултат на зрелост за М-НАВ А.Д. Скопје е **69.48%.**

## Results

| | **2017** |
|---|---|
| Lowest response to any question | C |
| Number of questions at the lowest response Level | 2 |
| Overall Maturity Score | 69.48 |
| **Number of Questions at Each Level** | **2017** |
| Level 1 (Informal Arrangements) | 0 |
| Level 2 (Defined) | 0 |
| Level 3 (Managed) | 7 |
| Level 4 (Assured) | 26 |
| Level 5 (Optimised) | 0 |

## Status of the Air Navigation Service Provider М-НАВ А.Д. Скопје

| **Study Area** | **Level (A-E)** | **Score (%)** | **Responses (A-E)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| SA1 – Safety Culture | C | 68.56 | C | C | C | |
| SA2 – Safety Policy | D | 68.31 | D | D | | |
| SA3 – Safety Accountabilities | D | 69.66 | D | D | D | |
| SA4 – Coordination of Emergency Response Plan | C | 69.41 | C | | | |
| SA5 – SMS Documentation | D | 69.72 | D | D | D | |
| SA6 – Compliance with International Obligations | D | 69.62 | D | | | |
| SA7 – Risk Management Process | D | 69.62 | D | D | D | |
| SA8 – Safety by Design | D | 68.92 | D | | | |
| SA9 – Safety Interfaces | C | 69.30 | D | C | | |
| SA10 – Fatigue Risk Management | C | 68.18 | C | | | |
| SA11 – Safety Reporting | D | 69.32 | D | | | |
| SA12 – Safety Surveys and Audits | D | 69.54 | C | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| SA13 – Safety Performance Monitoring | D | 69.75 | D | D | | |
| SA14 – Management of Change | D | 68.89 | D | | | |
| SA15 – SMS Continual Improvement | D | 70.00 | D | D | | |
| SA16 – Training and Education | D | 71.34 | D | D | | |
| SA17 – Safety Communication | D | 71.08 | D | D | D | D |
| **Overall Maturity Level and Maturity Score** | C | 69.48 | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Lowest Scoring Study Area** | **SA10** | **Highest Scoring Study Area** | **SA16** |

### 8.3.2 RAT

Првичната анализа за секој битен (A-serious, B-major) настан се спроведува со RAT алатка (Risk анализа) од Eurocontrol.

Безбедносните настани генерално не со директна АТМ врска туку поради отказ на уреди, мини-дефекти од страна на авион итн.
Во 2017 година немавме сериозни настани со удел на ATM ground contribution т,е, со допринос од страна на М-НАВ А.Д. Скопје како давател на услуги.

**Безбедносни таргети за 2013 - 2017 година**

| **Performance Indicator** | **Target** | **Performance** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Qtr1** | **Qtr2** | **Qtr3** | **Qtr4** | Overall (154000) |
| Mandatory Reports per 100 000 flights | 20 O<br>30 T | 2<br>1 | 8<br>16 | 3<br>12 | 5<br>5 | 18<br>34 |
| Voluntary Reports per employee per year | 4 | 0 | 3 | 0 | 1 | 4 |
| Safety meetings per year | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| Safety briefings per year | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| Safety audits and surveys per year | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| RAT analysed occurrences per year | 75%-95% | 1 | 2 | 0 | 1 | 85% |
| Implementation of recommendations | 90% | | | | | 100% |
| **Organization-specific SPIs** | | | | | | |
| Fatal accidents per 100 000 flights | Less than 0.078 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0,066 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Serious incidents per 100 000 flights (A) | Less than 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Major incidents per 100 000 flights (B) | Less than 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Significant incidents per 100 000 flights (C) | Less then 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0,22 |
| Bird strike per 1000 flights | Less than 0.7 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0,13 |
| Runway incursion per 4000 flights | Less than 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Runway excursion per 4000 flights | Less than 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Од горенаведените индикатори и поставените таргети може да се заклучи дека таргетите за 2017 година се исполнети и нивото на безбедност е во рамките на планираното (задоволителни контролирани граници).






| | jan | feb | mar | apr | may | jun | jul | aug | sep | oct | nov | dec |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 1 | 3 | 4 | 1 | 4 | 5 | 8 | 8 | 7 | 0 | 2 | 6 |
| 2016 | 1 | 0 | 1 | 4 | 7 | 10 | 9 | 2 | 3 | 2 | 0 | 4 |
| 2015 | 7 | 4 | 2 | 2 | 1 | 13 | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 2014 | 3 | 0 | 5 | 3 | 3 | 9 | 10 | 3 | 3 | 0 | 4 | 8 |
| 2013 | 3 | 2 | 5 | 4 | 3 | 3 | 0 | 6 | 5 | 1 | 2 | 3 |
| 2012 | 0 | 9 | 1 | 3 | 1 | 1 | 4 | 1 | 4 | 0 | 5 | 4 |




Potential for collision or near collision
3
2.5
2
1.5
1
0.5
0
3
1
1
0
1
2
1
Runway incursion where no avoiding...
Runway excursion by aircraft
Aircraft deviation from ATC clearance
Aircraft deviation from applicable ATM...
deviation from applicable published ATM...
unauthorised penetration of airspace
deviation from aircraft ATM-related...


Occurences 2012-2017
60
50
40
30
20
10
0
Investigated
Assessed (no safety impact)
Not investigated (no safety impact)
2017
2016
2015
2014
2013
2012




### 8.3.3 Културата на правичност (Just Culture)

Во текот на 2017 година отпочнат е процесот на документирање на политиката и принципите на културата на правичност.

На ниво на М-НАВ А.Д. Скопје континуирано позитивно се шири и развива културата за правичност, која е дел и од законот за воздухопловство, и истата има цел стекнување на доверба кај оперативниот персонал да пријавуваат безбедносни настани согласно процедурата за пријавување и политиката за безбедност. На развојот на културата влијае и постојаниот контакт со Eurocontrol и искуствата кои ги носиме од таму. Сепак, сè уште стои неизвесност како Just Culture се развива на ниво на воздухопловство и правосудство во РМ т.е. јавното обвинителство кои веќе имаат учествувано во неколку меѓународни работилници за оваа проблематика организирана од страна на Eurocontrol и поддржана од страна на АЦВ.

Очекуваме дека со потпишување MoU помеѓу АЦВ со Јавниот правобранител, каде ќе се дефинираат начела за безбедносни настани кои се дел од Just culture- no blame culture, ќе помогне понатака да се реализира овој сегмент до крајните принципи и барањата на регулативата.

## 8.4. Капацитет

| Capacity Plan | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| Free Route Airspace | | | | | |
| Airspace Management Advanced FUA | | | | | |
| Airport & TMA Network Integration | | | | | |
| Cooperative Traffic Management | | | | | |
| Airspace | | | | | |
| Procedures | | | | | |
| Staffing | | | | | |
| Technical | | | New ATM system | | |
| Capacity | | | Dynamic DFL | | |
| **Significant Events** | | | | | |
| **Max sectors** | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| **Planned Annual Capacity Increase** | 5% | 5% | 10% | 5% | 5% |
| **Reference profile Annual % Increase** | 19% | 3% | 3% | N/A | N/A |
| **Current Routes Profile % Increase** | 0% | 0% | 0% | N/A | N/A |
| **Difference Capacity Plan v. Reference Profile** | -11.4% | -9.7% | -2.7% | N/A | N/A |
| **Difference Capacity Plan v. Current Routes Profile** | 5.1% | 10.2% | 22% | N/A | N/A |
| **Annual Reference Value (min)** | 0.20 | 0.21 | 0.19 | N/A | N/A |
| **Summer reference value (min)** | 0.26 | 0.28 | 0.26 | N/A | N/A |
| **Additional information** | New system:<br>The implementation of the new ATM system is planned for 2018, after the Summer. Additional capacity increase of at least 10% is planned. | | | | |

Постоечките капацитети беа доволни за прифаќање на реализираните нивоа на сообраќај на сегашните рути и по отварањето на воздушниот простор над Косово. Во текот на 2017 година немаше промена на секторските капацитети во Skopje ACC, меѓутоа постоечките капацитети беа поефикасно искористувани со помош на променливата висинска граница помеѓу секторите, со што се минимизираше потребата за работење во трисекторска конфигурација.
М-НАВ А.Д. Скопје е подготвен во случај на неочекувано зголемување на обемот на сообраќајот да активира 3-секторска конфигурација, во однос на давањето на услуги на контрола на летање во ен-рутниот воздушен простор.

## 8.5. Доцнење кај прелетите

| En-route ATFM delay breakdown - Reference Values | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **LWSSCTA** | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Annual | 0.19 | 0.19 | 0.20 | 0.21 | 0.19 |
| Summer | 0.26 | 0.26 | 0.26 | 0.28 | 0.26 |

И во 2017 година немаше доцнење кај прелетите што е секако во рамките на поставената цел на Европско ниво од 0.1 минута доцнење по лет.

# 9. Ревидирани финансиски извештаи на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година

М-НАВ АД СКОПЈЕ

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА**
**За годината која завршува на 31 декември 2017**
**Во илјади денари**

| | Белешки | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 13 | 3.927 | 6.731 |
| Недвижности, постројки и опрема | 14 | 421.752 | 428.458 |
| | | **425.679** | **435.189** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 15 | 6.204 | 6.465 |
| Побарувања од купувачи | 16 | 104.201 | 92.044 |
| Останати тековни средства и АВР | 17 | 17.546 | 33.131 |
| Пари и парични еквиваленти | 18 | 603.552 | 438.422 |
| | | **731.503** | **570.062** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **1.157.182** | **1.005.251** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 19 | 1.264.052 | 1.264.052 |
| Дисконт на емитирани акции | | (388.141) | (388.141) |
| Законски резерви | | 9.281 | 9.281 |
| Акумулирана загуба/добивка | | 18.562 | 556 |
| Тековна добивка | | 144.787 | 18.659 |
| | | **1.048.541** | **904.407** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни финансиски обврски | 20 | 28.197 | 17.517 |
| Разграничени донации | 21 | 14.178 | 15.531 |
| Резервации | 22 | 4.718 | 4.112 |
| | | **47.093** | **37.160** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 23 | 5.555 | 18.103 |
| Останати тековни обврски | 24 | 55.993 | 45.581 |
| | | **61.548** | **63.684** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **1.157.182** | **1.005.251** |

**М-НАВ АД СКОПЈЕ**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**За годината која завршува на 31 декември 2017**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи од продажба | 4 | 945.187 | 800.160 |
| Останати оперативни приходи | 5 | 2.263 | 2.512 |
| **Вкупно оперативни приходи** | | **947.450** | **802.672** |
| **ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| Трошоци за материјали и одржување | 6 | (42.150) | (49.407) |
| Плати и други лични примања | 7 | (635.323) | (622.940) |
| Амортизација | 8 | (46.907) | (42.975) |
| Останати оперативни трошоци | 9 | (54.328) | (60.525) |
| **Вкупно оперативни трошоци** | | **(778.708)** | **(775.847)** |
| **ОПЕРАТИВНА ЗАГУБА/ДОБИВКА** | | **168.742** | **26.825** |
| **ПРИХОДИ/РАСХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ** | | | |
| Финансиски приходи | 10 | 1.085 | 1.078 |
| Финансиски расходи | 11 | (5.331) | (5.758) |
| | | **(4.246)** | **(4.680)** |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **164.496** | **22.145** |
| Данок од добивка | 12 | (19.709) | (3.486) |
| **ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | **144.787** | **18.659** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | **144.787** | **18.659** |

**М-НАВ АД СКОПЈЕ**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ**
**За годината која завршува на 31 декември 2017**
**Во илјади денари**

| | Акционерски Капитал | Дисконт на емитирани акции | Резерви | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 Јануари 2016** | 1.225.192 | (388.141) | 4.604 | 94.093 | 935.748 |
| Распределба на добивката од претходната година | 38.860 | - | 4.677 | (93.537) | (50.000) |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | - | - | - | 18.659 | 18.659 |
| **Состојба на 31 декември 2016** | 1.264.052 | (388.141) | 9.281 | 19.215 | 904.407 |
| Сметководствена корекција | - | - | - | (652) | (652) |
| Исплатена дивиденда | - | - | - | - | - |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | - | - | - | 144.787 | 144.787 |
| **Состојба на 31 декември 2017** | 1.264.052 | (388.141) | 9.281 | 163.350 | 1.048.542 |

М-НАВ АД СКОПЈЕ

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2017**
**Во илјади денари**

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| **Добивка пред оданочување** | **164.496** | **22.145** |
| ***Усогласувања на добивката за нето паричните текови од оперативни активности:*** | | |
| Амортизација | 46.907 | 42.975 |
| Резервација за користи на вработени | 743 | 526 |
| Приход од донации | (1.353) | (1.054) |
| Корекција на добивка од претходни години | (652) | - |
| Вредносно усогласување на побарувања од купувачи | - | - |
| Директен отпис на побарувања од купувачи | 12.689 | 733 |
| Расходи за камати | (3.455) | 3.084 |
| Оперативна добивка пред промени во работниот капитал | 219.375 | 68.409 |
| **Промени во оперативните средства и обврски:** | | |
| *Зголемување/(намалување) на тековните средства:* | | |
| Ограничени парични средства | (35) | (30.494) |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | (9.261) | (9.784) |
| Залихи | 260 | 1.176 |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | (2.274) | (17.948) |
| **Парични средства кои произлегуваат од работењето** | 208.065 | 11.359 |
| Платен данок од добивка | (19.709) | (3.487) |
| Платени камати | 3.455 | (3.084) |
| **Нето паричен тек од оперативни активности** | **191.811** | **4.788** |
| **ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема и нематеријални средства | (37.397) | (68.739) |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | **(37.397)** | **(68.739)** |
| **ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Долгорочни финансиски обврски | 10.681 | 8.263 |
| Исплатена дивиденда | - | (50.000) |
| **Нето паричен тек од финансиски активности** | **10.681** | **(41.737)** |
| Нето зголемување /(намалување) на паричните средства | 165.095 | (105.688) |
| Пари и парични средства на почетокот на годината | 266.255 | 371.943 |
| **Пари и парични средства, крај на годината** | **431.350** | **266.255** |

Горенаведените Финансиски извештаи се изготвени со состојба на 31.12.2017 година во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ), објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (“Службен весник на Република Македонија” бр.159/09) и применливи од 01.01.2010 година, вклучувајќи ги Меѓународните Сметководствени

стандарди (МСС) и Интерпретациите издадени од Одборот за Меѓународните Сметководствени стандарди (ОМСС) и Комитетот за толкување на Меѓународни стандарди за финансиско известување (КТМСФИ), последователно.

Финансиските Извештаи се изготвени со методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

Овие финансиски извештаи ги опфаќаат побарувањата, обврските, оперативните резултати, промените во капиталот и паричните текови на Друштвото како посебен ентитет.

**Основите за нивно мерење детално се објаснети во рамките на Белешките од Извештајот на независниот ревизор “БДО ДОО Скопје“. (Извештај на Независниот Ревизор “БДО ДОО Скопје“ со Финансиски извештаи на М-НАВ А.Д. Скопје за 2017 година во прилог).**